Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. 13-7112/3 од 08.08.2022 год.

(врска бр. 13-1397 од 2020 год.)

Врз основа член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Кисела Вода бр.01/2020"), Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година, Годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година со решение бр. 08-9341/4 од 30.12.2020 година и годишна програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2022 година со решение бр.09-10907/4 од 30.12.2021 година за изработка на детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј20, Блок 20.08, Општина Кисела Вода, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

О Д Л У К А

за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација
по детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј20, блок 08, Општина Кисела Вода, предлог план,
Плански период 2020-2025

Член 1

Се организира повторна јавна анкета и јавна презентација по Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј 20, блок 08, Општина Кисела Вода, предлог план, Општина Кисела Вода

Член 2

Јавната анкета по Детален урбанистички план за Реон Ј, Градска Четврт Ј20, блок 08, предлог план, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода (барака 7) –Голема сала, како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Член 3

Јавната анкета ќе се одржи од 15.08.2022 – 02.09.2022, објавено во Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по детален урбанистички план за Реон J, Градска Четврт J20, Блок 08, предлог план, Општина Кисела Вода, плански период 2020-2025. Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода (барака 6) како и преку информацискиот систем e-urbanizam.

Член 4

Јавната презентација по детален урбанистички план за Реон J, Градска Четврт J20, Блок 20.08, Општина Кисела Вода, плански период 2020-2025, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 30.08.2022 година (вторник) во 09:00 часот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК

На Општина Кисела Вода

Орце Ѓорѓиевски